Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СКЛАДИРАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ЗАПАЛНИ ТЕЧНОСТИ И ГАСОВИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови, што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 24 февруари 2025 година.

Бр. 08-1282/1
24 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
Гордана Сиљановска-Давкова, с.р.

Претседател на Собранието на Република
Северна Македонија,
Африм Гаши, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СКЛАДИРАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ЗАПАЛНИ ТЕЧНОСТИ И ГАСОВИ

Член 1

Во Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови („Службен весник на СРМ број 15/1976, 51/1988 и 19/1990, „Службен весник на Република Македонија“ број 12/1993, 66/2007, 130/2008 и 148/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 294/21), во член 30 зборовите: „министерот за стопанство односно со министерот за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија“ се заменуваат со зборовите: „министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, односно со министерот за транспорт и министерот за животна средина и просторно планирање“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.